Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# П Р Е Д Л О Г
## на Закон за изменување на Законот за таксата за привремен престој, со Предлог - закон

**Скопје, септември 2010**

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за таксата за привремен престој (*„Службен весник на Република Македонија„бр.19/1996, 26/2002, 51/2003 и 88/2008*) се уредува воведувањето на такстата за привремен престој, условите и начинот на нејзиното плаќање, како и намената на средствата добиени од оваа такса.

Таксата за привремен престој[1] ја плаќаат државјани на Република Македонија и странски државјани согласно условите определни со овој Закон. За вршителите на угостителската и туристичка дејност постои обврска оваа такса да ја наплатуваат истовремено со наплатата на извршената услуга за ноќевање, при што овие средства е предвидено да бидат уплатени во сразмер: 80% на сметка на единиците на локалната самоуправа и 20% на сметка на Буџетот на Република Македонија. Надзорот над наплатата на таксата се врши од страна на органите на единиците на локалната самоуправа и Државниот пазарен инспекторат, на начин утврден во Законот. Во случај на прекршување на одредбите од овој Закон, предвидена е прекршочна санкција - глоба во износ од најмалку 800 евра до најмногу 5000 евра во зависност од видот на сторителот на прекршокот, како и дополнителна прекршочна санкција – привремена забрана за вршење професија, дејност или должност, но само за правното лице и за одговорно лице во правно лице, а не и за физичкото лице. Пред да биде поведена прекршочната постапка, законот предвидува задолжителна примена на постапка за порамнување со која висината на износот на глобата за сторениот прекршок, може да биде намалена и до 50% од во моментов предвидената.

Во консултации со директно засегнатиот бизнис сектор, стопанските комори и здружинеја утврдено е дека горенаведените прекршочни санкции се високи, ригорозни и несоодветно пропорционални на домашните услови во кои се врши туристичката и угостителската дејност. Доколку кон ова се додадат и негативните последици од актуелната глобална економска криза, директната примена на прекршочните санкции во случај на сторен прекршок и неможноста да бидат платени високите износи на глоба, доведува до појава голем дел од фирмите да бидат затворени, вработените отпуштени, со што на директен начин се влијае на опаѓањето на нивото на конкурентност во овој сектор, како и на квалитетот на услугата при вршењето туристичка и угостителска дејност.

---

[1] Износот на таксата за привремен престој изнесува 40 денари дневно / член 3 од Законот. Постои исклучок утврден во членовите 4 и 5 од Законот.

Во овој контекст, Министерството за економија повикувајќи се на Мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија, подготвени од Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, м-р Владимир Пешевски, усвоени и од страна на Владата на Република Македонија, пристапи кон измена на постоечките одредби во Законот. Предложените измени на Законот се во насока на намалување на висината на глобите на вршителите на угостителската и туристичка дејност и избегнување на двојното казнување, заради прекршување на одредбите од овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е подобрување на деловната клима во Република Македонија, преку воведување мерки за намалување на висината на глобите на вршителите на угостителската и туристичката дејност, како и избгнување на изрекување двојни казни за еден дел од вршителите на оваа дејност, во случај прекршување на одредбите од Законот за таксата за привремен престој.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

Предложените измени на законот ги содржат следните решенија:
-намалување на износот на глобата за предвидените прекршоци, во распон од 30% до 40% и
-укинување на дополнителната прекршочна санкцијата привремена забрана за вршење професија, дејност или должност, за одговорното лице во правното лице, во случај на изречена глоба за сторен прекршок, додека за правното лице останува прекршочната санкција привремена забрана за вршење угостителска или туристичка дејност, како дополнителна санкција кон изречената глоба.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на законот за изменување на Законот за таксата за привреме престој не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените изменувања на Законот за таксата за привремен престој не е потребно обезбедување финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија (*„Службен весник на РМ" бр.91/08*) се предлага законот да биде донесен во скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТАКСАТА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ,
СО ПРЕДЛОГ-ЗАКОН

Член 1

Во Законот за таксата за привремен престој („Службен весник на Република Македонија„ бр.19/96, 26/2002, 51/2003 и 88/2008 ) во членот 11 став 1 зборовите "5000 евра" се заменуваат со зборовите "3000 евра".

Во ставот 2 зборовите "800 евра" се заменува со зборовите "500 евра".

Ставот 3 се брише, додека ставот 4 станува став 3.

Член 2

Во членот 12 зборовите "1000 евра" се заменуваат со зборовите "700 евра".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТАКСАТА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ, СО ПРЕДЛОГ-ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предложените измени се во насока намалување на износот на глобата за предвидените прекршоци во распон од 30% до 40%, како и укинување на прекршочната санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, за одговорното лице во правното лице.

<u>Со членот 1</u> од предлог законот се врши намалување на износот на глобата од 5000 евра на 3000 евра, за изречен прекршок на правно лице кое дава услуги на туристи и патници, во случај не наплатена такса за привремен престој истовремено со наплатата на сметката за извршената услуга за ноќевање, како и доколку не биде искажан износот на наплатената такса и причините за ослободување или намалување на истата.
За овој вид прекршок, за одговорното лице во правното лице исто така е предвидено намалување на износот на глобата од 800 евра на 500 евра, но при тоа се укинува и одредбата за изрекување санкција привремена забрана за вршење дејност, професија или должност на ова лице во траење од најмалку 3 до најмногу 15 дена, што не е случај и за правното лице на кое во истиот случај покрај изречената глоба за сторениот прекршок, му следи дополнителна прекршочна санкција привремена забрана за вршење туристичка и угостителска дејност.

<u>Со членот 2</u> од предлог законот се врши намалување на износот на глобата од 1000 евра на 700 евра, за физичкото лице регистрирано за вршење угостителска и туристичка дејност за сместување туристи и патници, за прекршоците утврдени погоре.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со измените на Законот за таксата за привремен престој се предвидува измена на постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени на Законот кои се во насока на намалување на износот на глобите за сторените прекршоци, за вршителите на туристичката и угостителската дејност се врши:
-значително ублажување на последиците од изречните прекршочни санкции,
-континуитет во вршењето на дејноста туризам и угостителство,
-зголемување на конкурентноста во секторот туризам и угостителство,
-подобрување на квалитетот на услугите и
-стабилизирање на стапката на вработеност во овој сектор.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ЗА ТАКСАТА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ

### Член 11

1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице кое дава услуги на туристи и патници, ако:
1. во секој одделен случај не наплати такса за привремен престој истовремено со наплатата на сметката за извршената услуга за ноќевања, одделно не го искажува износот на наплатената такса и причините за ослободување или намалување на плаќањето на таксата за привремен престој (член 7) и
2.наплатената такса за привреме престој не ја уплати согласно членот 8 на овој закон.

2) Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорно лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

3) За дејствијата од ставот 1 на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од најмалку три до најмногу 15 дена.

4) За дејствијата од ставот 1 на овој член на правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на угостителска или туристичка дејност во траење од најмалку три до најмногу 30 дена.

### Член 12

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице регистрирано за вршење угостителска и туристичка дејност за сместување туристи и патници за прекршоци утврден со член 11 став 1 од овој закон.